# ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРУВАЊЕ И УПИС НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА:

- **Пријавен и семестрален лист;**
- **Уплата на партиципација или школарина** ( рата во зависност во која квота е запишан студентот) во денарска противвредност на денот на уплатата на сметка
  - Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
  - Депонент: НБРМ
  - Сметка: 100000000063095
  - Буџетска сметка: 1600103700-788-11
  - Приходна шифра: 723012 програма 41

**Напомена:** Студентот задолжително на уплатницата го внесува бројот на индекс во полето назначено со цел на дознака.

## ПРЕЗАПИШУВАЊЕ ПРЕДМЕТИ

Студент кој во 3-те испитни рока не го положил испитот, истиот предмет го презапишува во наредната учебна година во соодветниот семестар.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРЕЗАПИШУВАЊЕ ПРЕДМЕТИ

- Пополнета изјава со податоци за студентот и предметната програма која се запишува (изјавите се земаат од службата за студентски прашања) со уплатница со следниот износ:
предметна програма што носи 8 кредити – надомест од 67еур
предметна програма што носи 7 кредити – надомест од 58 еур
предметна програма што носи 6 кредити – надомест од 50 еур
предметна програма што носи 5 кредити – надомест од 42 еур
предметна програма што носи 4 кредити – надомест од 34 еур
- Со назнака за повторно запишување на предметна програма.

Уплатниците и изјавите се доставуваат во службата за студентски прашања.

**Напомена:** Студентите во изјавите пишуваат кај кој предметен професор ќе слушаат настава и во која група. Студентот не може да ја промени еднаш избраната група каде што ќе слуша настава.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРКА И УПИС НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2019-2020 ГОДИНА

- СЕМЕСТРАЛЕН ЛИСТ за заверка на VII семестар и ПРИЈАВЕН ЛИСТ за упис на VIII семестар и следната уплата:
- УПЛАТА НА ПАРТИЦИПАЦИЈА во денарска противвредност на денот на уплатата на сметка на

Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Депонент: НБРМ
Сметка: 100000000063095
Буџетска сметка: 1600103700-788-11
Приходна шифра: 723012 програма 41

Повикување на број-задолжување (студентот задолжително ја впишува шифрата на насоката на која студира)

**ШИФРАРНИК**

- Административно право и јавна администрација - 02
- Граѓанско материјално право и граѓанско процесно право - 03
- Деловно право - 04
- Историја на правото - 05
- Казнено право - 06
- Катастарско право - 07
- Корпоративно право - 08
- Меѓународно право и односи на ЕУ - 09
- Право на интелектуална сопственост -10
- Римско право и приватно-правна традиција -11
- Уставно право - 12
- Финансово право -13
- Политички студии -14
- Студии по новинарство -15
- Односи со јавност -16

**Напомена**: Студентот задолжително на уплатницата го внесува бројот на индекс во полето назначено со цел на дознака

**Потребни документи за повторно запишување на предметна програма:**

Пополнета изјава со податоци за студентот и предметната програма која се запишува (изјавите се земаат од службата за студентски прашања) со уплатница со следниот износ:

- предметна програма што носи 8 кредити – надомест од 67еур
- предметна програма што носи 7 кредити – надомест од 58 еур
- предметна програма што носи 6 кредити – надомест од 50 еур
- предметна програма што носи 5 кредити – надомест од 42 еур
- предметна програма што носи 4 кредити – надомест од 34 еур

Со назнака за повторно запишување на предметна програма.

Уплатниците и изјавите се доставуваат во службата за студентски прашања.

**Извадоци од**
**ПРАВИЛНИК**
**за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање за прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**
**(Универзитетски гласник бр.417, 29 јануари 2019 година)**

**Премин на студентот од квота со партиципација во квота со школарина**
**Член 23**

Студент запишан во квота со партиципација го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина ако:

- еден предмет запишува по трет пат;
- не освоил најмалку 50 % од запишаните кредити во одреден семестар до почетокот на наредниот соодветен семестар (зимски, односно летен).

** Согласно одредбата од Правилникот студентот запишани во квота со партиципација го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина ако:*
*- еден предмет запишува по трет пат;*
*- не освоил најмалку 50 % од запишаните кредити*
*во првиот семестар до почетокот на тертиот семестар*
*во вториот семестар до почетокот на четвртиот семестар*
*во третиот семестар до почетокот на петтиот семестар*
*во четврти семестар до почетокот на шестиот семестар.*

**Напредување на студентот**
**Член 34**

Студентите напредуваат во студиите преку полагање на испити за предвидени предмети/модули и преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма.

Студентите во еден семестар запишуваат минимум 21, а максимум 35 ЕКТС-кредити.

Одредбата од став 2 на овој член не се применува за запишување на семестар каде што се предвидени условувачки критериуми, односно претходно совладани предмети.

На особено успешните студенти (со просечен успех од 8,5) може да им се дозволи запишување до 40 ЕКТС-кредити.

** Согласно одредбата од Правилникот студентите во еден семестар запишуваат минимум 21, а максимум 35 ЕКТС-кредити.*
** Начинот на запишување на предметите е подетално уредено во член 36 од Правилникот. Имено, при запишувањето на предметите, студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветниот (летен/зимски) семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не го надминуваат бројот на ЕКТС-кредити утврден со овој Правилник, односно запишуваат максимум 35 ЕКТС кредити.*

** Доколку на студентот му остане незапишан предмет(и) од тековниот семестар, го(ги) запишува во следниот соодветен семестар во наредната учебна година.*

**Запишување семестар**
**Член 35**

Студентот може да запише нови предмети од нареден семестар, во согласност со правилата за напредување утврдени во соодветната студиска програма.

Единицата, во рамките на студиската програма, може да пропише условувачки критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити, положени и/или ислушани предмети и сл.), како услов за запишување на други предмети.

Запишувањето на предметните програми во нареден семестар се врши пред почетокот на соодветниот семестар.

Ако студентот ги има положено испитите од зимскиот семестар и треба да запише, односно да презапише само предмети од летниот семестар, запишува празен зимски семестар и обратно.

Единицата може да воведе цикличност во наставата, за што на студентот му се овозможува ангажираност во сите семестри.

** Согласно студиската програма на прв циклус правни студии, а во врска со член 35 став 2 од Правилникот, студентот на правни студии не ќе може да ги полага предметните програми од процесноправните дисциплини пред да ги положи предметните програми од материјалното право, и тоа: за да се полага казнено процесно право, треба да е положен предметот казнено право; за да се полага граѓанско процесно право, треба претходно да се положени: општ дел на граѓанско право, стварно право, облигационо право, семјно и наследно право.*

**Член 36**

При запишувањето на предметите, студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветниот (летен/зимски) семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не го надминуваат бројот на ЕКТС-кредити утврден со овој Правилник.

Во зимскиот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските програми за зимскиот семестар.

Во летниот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските програми за летниот семестар.

**Член 37**

При запишувањето на предметите, потребно е да се исполнат условите утврдени со студиските програми.

При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг изборен предмет од предметите што се активирани во соодветниот семестар како изборни предмети.

**Заверка на семестар**
**Член 39**

Студентот заверува предмети од семестарот ако има добиено потписи од предметните наставници, со што се потврдува неговото исполнување на предвидените наставни обврски.

Студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од одредена предметна програма и не добил потпис, не може да пристапи на испит.

Заверката на предметите од семестарот се врши во термини што ги објавува единицата на нејзината вебстраница.

**Презапишување предмети**

**Член 59**

Студент кој во 3-те испитни рока не го положил испитот, истиот предмет го презапишува во наредната учебна година во соодветниот семестар.